# Златна бубамара во солзи за Тоше

Тоше Проески е повторно рекордер во добиени статуети на Златна бубамара на популарноста, која се одржа завчера во Универзалната сала во Скопје. Него веќе го нема, но публиката и за него ги прослави наградите за пејач на годината, за најдобар албум на годината, за најслушана песна ("Игри без граници") и наградата за животно дело.

И сега кога не е со нас, Тоше повторно ја направи Златна бубамара манифестација за паметење и раскажување. Од весела, ја направи тажна. Место вресоци, цвеќе и кадифени мечиња, гледавме солзи и слушавме липање. Отсуството на Тоше го смени составот на публиката во салата. Немаше тинејџерки што врескаат, немаше обезбедување на сцената, тие, едноставно, немаше кого да чуваат од обожавателките што години наназад скокаа на сцената да го гушнат најомилениот.

Како најнаградуван во единаесетте години на Бубамарата, организаторите и колегите неговите дела ги испочитуваа на достоинствен начин. Зоран Џорлев на виолина, актерката Весна Станојевска на харфа и бендот на Тоше ги отсвири "Игри без граници" и "Цреша".



Виолината на маестро Џорлев
замени гласот на Тоше во "Цреша

"Мој млад пријателе, ти почина, но не умре. Тоа утро, кога слушнавме дека веќе те нема, ние не починавме, но умревме со тебе", рече Игор Џамбазов. Тој порача секому од нас, длабоко во себе да го најде и што побрзо да го активира малиот Тоше.

Првите звуци на "Твоите бакнежи на моите бели кошули", со одлична интерпретација и со многу емоции, ни ги донесе Тамара. И на крај, повторно Тоше. На видео бим, во тинејџерските години, на почетокот од неговите ѕвездени мигови, токму на Бубамара со "Твоите бакнежи". На клавир, насмеан и весел, каков што го паметиме, хорски следен од неговата верна публика.

Статуетите за Тоше не ги подигна никој. Џамбазов му вети дека ќе му бидат однесени во неговиот вечен дом, во неговото сакано Крушево. За првпат во историјата на Златна бубамара, публиката од Универзална излезе расплакана, а не насмеана.

***М.Џаровска***

Фото: В.Тануровски



*И Весна Бејби плачеше за нејзината "бајадера"*

*Сирни не́ од зад облаците, мла*
*пријателе, му порача Џамбазов*
*Тоше*





## Калиопи: Едно име имаме: Моја Македонија

Најмоќната изведба во живо, и вокално и сценски, ја добивме од Калиопи. Таа, заедно со легендарниот Гаро Тавитјан на тапани, ја изведе "Едно име имаме" од Јонче Христовски. Настапот на Калиопи и Гаро беше испланиран до совршенство, а, сепак, многу спонтан. Калиопи уште еднаш докажа дека е неприкосновена кралица на домашната музичка сцена. Таа се облече во црвено-жолт фустан со национални мотиви, ни го покажа знамето на видеобим зад неа, и порача: "За нас има само едно име - моја Македонија". Публиката беше на нозе по нејзиниот настап.



Продолжува на 34 стр.





# Дани и Кили во страстен бакнеж

Поп-рок пејачката Дани Димитровска доби награда за интернационален успех. Наградата ѝ ја донесе победата на регионалниот избор на Ем-Ти-Ви Адрија на "Новите звуци на Европа", и присуството на доделувањето на европските музички награди на Ем-Ти-Ви во Германија. Во свој стил, Дани ја најави актерот Кирил Поп-Христов: "Оваа млада дама ги разгорува страстите на сите мажи. Горд сум што ќе изведам точка заедно со неа", рече Кили. Дани во живо ја испеа песната од "Макфест" "Најдобра до сега". Таа се качи на клавирот на Кили, а тој не успеа да ги смири страстите и се обиде страсно да ја бакне.



*Олгица, Маја и Дексо во хит-песната од мјузиклот "Коса"*

# Повисоки плати и повисоки цени

Актерот и водител Сашо Коцев, на сатиричен начин ни ја прикажа Македонија пред вратата на НАТО. Новата Македонија, со повисоки плати, повисоки акции и повисоки цени, но со старото име. Од централната ложа на неговите досетки се смееше скопскиот градоначалник Трифун Костовски.

Вредеше настапот на малите "Супер ѕвездички", раперот Тони Зен, на битолските панкери "Паркети", Олгица, Маја и Дексо со хорот "Мирче Ацев" и диригентот Шопов, и, секако, на Ристо Самарџиев и оперската пејачка Ирена Крстевска, облечена во мини - фустан. Фалеа традиционалните награди за пејачка на годината, група на годината и концерт на годината, но организаторите не испуштија да ги наградат маркетинг агенциите и рекламните кампањи. К-15 и "Зевзекманија" се нај ТВ-емисии, Билјана Беличанец и Нино Леви театарски актери, Весна Станојевска филмска актерка, "Сенки", најдобар филм, а "Сомнително лице" најдобра театарска претстава... За првпат на Златна бубамара немаше балкански поп-ѕвезди како гости. Сопственикот на радио "Бубамара" Ранко Петровиќ е сценарист и режисер на манифестацијата.



*Победниците на "Макфест" Ристо Самарџиев и оперската пејачка Ирена Крстевска во мини - фустан*

